РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-1162/3
18-12-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и согласно член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од непознат подносител, на четириесет и третата седница одржана на ден 17.12.2020 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-5599/1 од 11.12.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, наводите во пријавата не се потврдуваат поради што Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-5599/1 од 11.12.2019 година.

Предметот со број 09-5599/1 од 11.12.2019 година да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-5599/1 од 11.12.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознат пријавител, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, против ------ ------- Директор на --------------.

Пријавителот во пријавата наведува дека во ------------------ бил распишан јавен оглас за вработување на 2 лица и од Државната комисија бара да преземе дејствија со кои ќе го поништи објавениот оглас затоа што како што се вели во пријавата директорот на ------------ ---------- ----------- бил претседател на огранокот на политичката партија ------- за општина ------- и претседател на Комисијата за избор и селекција на кандидати за вработување по објавен јавен оглас.

Заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до -------------- и достави Барање за доставување на податоци и информации во однос на тоа дали директорот на установата ------ ------- бил претседател на Комисијата за избор и селекција на кандидати за вработување по објавен јавен оглас.

Во законски утврдениот рок -------------- ги достави бараните информации и ја извести Државната комисија дека:

- Комисијата која што вршела избор и селекција на кандидати по јавен оглас 01/2019 била составена од 3 лица- ------- -------, ------- -------, ------- ------, а претседател била ------ ---------;
- Директорот ------- -------- на ден 16.12.2019 донел одлука за избор на еден работник – ТОН МАЈСТОР по објавениот оглас 01/2019;
- На ден 24.12.2019 година директорот бил разрешен од функцијата Директор;
- До --------------- пристигнале две жалби по објавениот оглас;

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

- Управниот одбор при ---------------- на 27.12.2019 одржал седница на која под точка 3 од Дневниот ред се разгледале поднесените жалби;
- На 27.12.2019 година Управниот одбор при ---------------- биле донесени Решенија со кои се одбиле жалбите на подносителите.

При повторно разгледување на содржината на пријавата, како и на доставените информации до Државната комисија врз основа на поднесеното Барање за доставување на податоци и информации, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите во пријавата не се потврдуваат, односно -------- --------- кој бил директор во времето кога бил објавен јавниот оглас за вработување на две лица не бил претседател на Комисијата за избор и селекција на кандидати за вработување по објавен јавен оглас, поради што Државната комисија нема елементи за свое натамошно надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ема Нешковска, соработник
Одобрил: Софка П. Дојчиновска, член на ДКСК